# Службен гласник на Општина Делчево

## Број 17

## 29.09.2025 година

**Уредува**

**Одделение за правни и општи работи**

**Излегува по потреба**

**септември, 2025**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 29.09.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од 52. Седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во „Сл.гласник на Општина Делчево“, актите донесени на 52. Седница одржана на **26.09.2025** година:

1. **Одлука за недонесување Одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко планска документација зграда бр. 1- Помошен земјоделски објект за чување земјоделски производи по барање на Кирил Спасевски;**

2. **Одлука за недонесување Одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко планска документација зграда бр. 1 - Објект за чување овци и чување храна за животни по барање на Марјан Стојановски;**

3. **Одлука за недонесување на Одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација зграда бр. 2 - Објект за складирање жито - амбар по барање на Марјан Стојановски;**

4. **Одлука за недонесување Одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација зграда бр.1 - Објект за чување крави и чување храна за животни по барање на Марјан Стојановски;**

5. **Одлука за недонесување Одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената планска документација зграда бр. 2- Помошен земјоделски објект во кој се одгледуваат кокошки по Барање на Огнан Мирчев;**

6. **Одлука за определување места за истакнување изборни плакати во Општина Делчево**

7. **Одлука за утврдување на потребата од донесување урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат -објект помошен објект згр. бр. 2 –** по барање на **Ванчо Костадинов;**

8. **Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект станбена куќа згр. бр. 1** –по барање на **Ванчо Костадинов;**

9. **Заклучок за недавање согласност на Годишниот план за вработување на ЈКП „Брегалница“ за 2026 г.;**

10. **Заклучок за неусвојување на Шестмесечниот извештај за финансиско работење на ЈКП „Брегалница“ Делчево за Втор квартал 2025 (01.-01.2025-30.06.2025);**

11. **Заклучок за утврдување приоритет за решавање инфраструктурниот проект –изградба на улица „Ветренска“ во населба „Басарица“;**

12. **Заклучок за решавање на проблемот со водоснабдување на с. Разловци;**

13. **Одлука за парична помош на семејство за санирање на последиците од елементарна непогода-пожар на семејна куќа во с. Разловци.**

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08- 2242 /1**
**29.09.2025 г.**
**Делчево**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник**
**Горан Трајковски**

1. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ“ 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 52 Седница, одржана на ден 26.09. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**

**за недонесување Одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација**
**зграда бр. 1 - Помошен земјоделски објект за чување земјоделски производи по барање на Кирил Спасевски**

**Член 1**

Советот на Општина Делчево **не донесе Одлука** за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација, а во врска со поднесеното барање за утврдување правен статус на бесправен објект број **уп I бр. 12-140** од **10.05.2018 г** година од страна на **Кирил Спасевски што** се однесува на бесправно изграден објект, помошен земјоделски објект за чување земјоделски производи, означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр.**6044/5 КО Делчево** запишана во Имотен лист бр. **1037,** бесправен објект кој е во опфат на Детален урбанистички план за Старо Делчево, а во зона со намена која е различна од предвидената

намена во урбанистичката документација, В- ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ (В1 Образование и наука), Советот на Општина Делчево констатира дека за него **не може** да се изврши усогласување на намените и да се вклопи во идна урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Бр. 09 -2227/1**
**26.09. 2025 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател**
**Гоце Попов**

**2.** Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ" 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 52 Седница, одржана на ден 26.09. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за недонесување Одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко планска документација**
**зграда бр. 1 - Објект за чување овци и чување храна за животни по барање на Марјан Стојановски**

**Член 1**

Советот на Општина Делчево **не донесе Одлука** за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација, а во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**224** од **27.09.2018 г** година од страна на **Марјан Стојановски**, а кое се однесува на бесправно изграден објект, означен во елаборат како зграда бр.1 изграден на КП бр. **8440/2 КО Делчево** запишан во Имотен лист бр. **3134,** бесправен објект кој е во опфат на Детален урбанистички план за Старо Делчево, а во зона со намена која е различна од предвидената намена во урбанистичката документација, А- ДОМУВАЊЕ (А1 Домување во станбени куќи), Советот на Општина Делчево констатира дека за објектот **не може** да се изврши усогласување на намените и да се вклопи во идна урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-2228/1**
**26.09. 2025 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов**

3. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 52 Седница, одржана на ден 26.09. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**

**за недонесување Одлука вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко планска документација**

**зграда бр. 2 - Објект за складирање жито - амбар по барање на Марјан Стојановски**

**Член 1**

Советот на Општина Делчево **не донесе** Одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација, а во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект, број уп I бр. 12-**224** од **27.09.2018 г** година од страна на **Марјан Стојановски што** се однесува на бесправно изграден објект- објект за складирање жито - амбар, означен во елаборат како зграда бр.2 изграден на КП бр.**8442/2 КО Делчево** запишан во Имотен лист бр. **3134,** бесправен објект кој е во опфат на Детален урбанистички план за Старо Делчево, а во зона со намена која е различна од предвидената намена во урбанистичката документација, А- ДОМУВАЊЕ (А1 Домување во станбени куќи), Советот на Општина Делчево констатира дека за објектот **не може** да се изврши усогласување на намените и да се вклопи во идна урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-2229/1**
**26.09. 2025 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов**

4. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ“ 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 52 Седница одржана на ден 26.09. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**

**за недонесување Одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од**

**утврдената во важечко планска документација**
**зграда бр.1 - Објект за чување крави и чување храна за животни по барање на Марјан Стојановски**

**Член 1**

Советот на Општина Делчево **не донесе** Одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација, а во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект број **уп I бр. 12-225** од **27.09.2018 г**година од страна на **Марјан Стојановски** што се однесува на бесправно изграден објект - Објект за чување крави и чување храна за животни, означен во елаборат како зграда бр.1 изграден на КП бр. **8440 КО Делчево** запишан во Имотен лист бр. **3134,** КП бр.**8441 КО Делчево** запишан во Имотен лист бр**.** **3134 и** КП бр. **8438** запишан во Имотен лист бр**. 3606,** бесправен објект кој е во опфат на Детален урбанистички план за Старо Делчево, а во зона со намена која е различна од предвидената намена во урбанистичката документација, А- ДОМУВАЊЕ (А1 Домување во станбени куќи), Советот на Општина Делчево констатира дека за објектот **не може** да се изврши усогласување на намените и да се вклопи во идна урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-2230/1**
**26.09. 2025 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов**

5. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ" број 56/11, 162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ" бр. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево на својата 52 Седница, одржана на ден 26.09. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за недонесување на Одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко планска документација за**
**зграда бр. 2- Помошен земјоделски објект во кој се одгледуваат кокошки по Барање на Огнан Мирчев**

**Член 1**

Советот на Општина Делчево **не донесе** Одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација, а во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**817** од **19. 08. 2011** година од страна на **Огнан Мирчев што** се однесува на бесправно изграден објект - Помошен земјоделски објект во кој се одгледуваат кокошки, означен во елаборат како зграда бр.2 изграден на КП бр.**6448**

**КО Делчево** запишан во Имотен лист бр. **9813,** бесправен објект кој е во опфат на Детален урбанистички план за Старо Делчево, а во зона со намена која е различна од предвидената намена во урбанистичката документација, А- ДОМУВАЊЕ (А1 Домување во станбени куќи), Советот на Општина Делчево констатира дека за објектот **не може** да се изврши усогласување на намените и да се вклопи во идна урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-2231/1**
**26.09. 2025 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов**

**6.** Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и согласно член 78 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.27/19, 98/19 и 42/20) ), Советот на Општина Делчево, на својата 52. Седница, одржана на ден 26.09. 2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување места за истакнување изборни плакати во Општина Делчево**

**Член 1**

Се определуваат места на кои организаторите на изборната кампања за Локалните избори 2025 можат да истакнуваат изборни плакати и тоа:

а**) Во градот Делчево**

-пред седиштето на политичките партии секоја партија може да постави монтажно-демонтажна рекламна табла со максимални димензии 2х1 метар;

-потпорен ѕид кај СОУ „М.М.Брицо“ наспроти комплекс „Делчевчанка“;

-потпорен ѕид на Бул.„Македонија“, под ООУ „Св.Климент Охридски“;

-потпорен ѕид на ул. „Солунска“;

-потпорен ѕид на почеток на ул.„Пере Тошев“.

б**) Во останатите населени места,** изборни плакати можат да се истакнуваат на објектисопственост на општина Делчево, но и на други станбени и други приватни објекти со претходна согласност од сопственикот на објектот.

**Член 2**

За обележување на местата за истакнување на изборни плакати согласно член 1 на оваа одлука се задолжува Одделението за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности и сообраќај. Надзор над спроведувањето на одредбите на оваа одлука ќе врши Одделението за инспекциски надзор.

**Член 3**

Одлуката ќе се достави до сите организатори на изборната кампања и тие се должни дасе придржуваат на одредбите од член 1.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево" .

**Број 09- 2232/ 1**
**26.09. 2025**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов**

**7.** Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на РМ" 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 52 Седница, одржана на ден 26 .09. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект помошен објект згр. бр. 2** –по барање на **Ванчо Костадинов**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект, број **УП I бр. 12-2155** од **02.09.2011** година од страна на **Ванчо Костадинов од ул.„Маршал Тито" бр.121 – Делчево** за бесправно изграден објект, **објект помошен објект –** означен во елаборат како зграда бр. **2,** изграден на **КП бр.785** запишан во Имотен лист бр. **119 и КП бр.1428 КО Чифлик,** запишан во Имотен лист бр. **76** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

**Член 2**

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09- 2233/1**
**26.09. 2025 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов**

8. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на РМ“ 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 52 Седница, одржана на ден 26. 09. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект станбена куќа згр. бр. 1** –по барање на **Ванчо Костадинов**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект, број **УП I бр. 12-2155** од **02.09.2011** година од страна на **Ванчо Костадинов од ул.„Маршал Тито“ бр.121 – Делчево** за бесправно изграден објект, **објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **1,** изграден на **КП бр.785** запишан во Имотен лист бр. **119 и КП бр.1428 КО Чифлик,** запишан во Имотен лист бр. **76** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

**Член 2**

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-2234/1**
**26. 09. 2025 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов**

9. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 143/19, 14/20 208 и 210/24), Советот на Општина Делчево на 52. Седница, одржана на ден 26.09. 2025 година, донесе

**Заклучок**
**за недавање согласност на Годишниот план за вработување**
**на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2026 година**

1. Советот на Општина Делчево не дава согласност на Годишниот план за вработување на ЈКП „Брегалница“ Делчево за 2026 година со архивски бр. 0403-459/1 од 27.08.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила на денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 2235 /1**
**26.09. 2025 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов**

**10.** Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002, 84/2020, 202/2024) и член 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019, 275/2019, 82/2020, 89/2022, 274/2022, 208/2-24), член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр. 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 52. Седница, одржана на ден 26 .09.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за неусвојување на Шестмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“- Делчево-втор квартал за период од 01.01.2025 до 30.06.2025**

1. **Не се усвојува** Шестмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“- Делчево, Втор квартал 2025 за периодот 01.01.2025 -30.06.2025 година, број 0102-427/1 од 01.08.2025 година.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина“.

**Број 09-2236/1**
**26.09. 2025г.**
**Делчево**

**Совет на Општина Делчево**
**Претседател**
**Гоце Попов**

**11.** Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 145 од Деловникот на Советот на Општината, а по Барање бр. 09-1830/1 од 04.08.2025 г и Барање бр. 09-1816/1 од 01.08.2025 г., Советот на Општина Делчево на својата 52. Седница, одржана на ден 26.09. 2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување приоритет за решавање на инфраструктурниот проект- Изградба на ул „Ветренска“ во населба „Басарица“**

1. Советот на Општина Делчево го утврдува за приоритет за решавање инфраструктурниот проект– Изградба на улица „Ветренска“ во населба „Басарица“.

2. Се задолжува Општина Делчево и надлежните одделенија во Општината да ја започнат постапката за решавање на имотно-правните односи (експропријација) и да обезбедат средства за изградба на целокупната инфраструктура (асфалтирање на улицата, подземна инсталација-водовод и канализација).

3. Заклучокот влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 – 2237/1**
**26.09. 2025 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател**
**Гоце Попов**

**12.** Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 145 од Деловникот на Советот на Општината, а по Барање бр. 09-1978/1 од 26.08.2025 г, Советот на Општина Делчево на својата 52. Седница, одржана на ден 26.09. 2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за решавање на проблемот со водоснабдување на с. Разловци**

1. Се задолжуваат Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР, ЈКП „Брегалница“ Делчево и градоначалникот на Општина Делчево да излезат на терен и да извршат увид во состојбата на водоснабдителниот систем во с. Разловци.

2. Се задолжуваат Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР, ЈКП „Брегалница“ Делчево и градоначалникот на Општина Делчево да изготват студија за можноста на поврзување на водоснабдителниот систем од с. Разловци со системот на брана „Лошана“.

3. Доколку постои можност за реализација на поврзувањето на водоснабдителниот систем на с. Разловци со системот од брана „Лошана“, се задолжуваат Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР, ЈКП „Брегалница“ Делчево и градоначалникот на Општина Делчево да изработат соодветен проект којштo ќе влезе во реализација.

4. Доколку не постои можност за поврзување со браната „Лошана“, да се направи анализа дали на постоечкиот извор може да се направи градежен зафат за зголемување на капацитетите на вода и да се пристапи кон реализација за решавање на проблемот со водоснабдување во селото Разловци.

5. Заклучокот влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09 – 2238/1
26. 09. 2025 година
Делчево

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател**
**Гоце Попов**

**13.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево на својата 52. Седница, одржана на ден 26.09. 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за парична помош на семејство за санација на последиците од елементарна непогода- пожар на семејна куќа во с. Разловци**

**Член 1**

Се одобруваат финансиски средства во износ од **60.000** денари на **Николчо Гоцевски** со адреса на живеење ул.„Борис Трајковски" бр. 27 Делчево.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за санација на последиците од елементарната непогода - пожар во семејната куќа во с. Разловци.

**Член 3**

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Делчево, на трансакциска сметка 240167010272568 УНИ Банка.

**Член 4**

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

Бр. 09 –2239 / 1
26 .09. 2025 година
Делчево

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател**
**Гоце Попов**